## Милчо Манчевски

**Иако е во постојано движење Скопје – Берлин – Њујорк, сепак најде слободно време да учествува во нашата рубрика. На велосипед е и низ Њујорк и во Скопје. Низ урбаната џунгла на Големото јаболко со ретро „пони“ од 70-тите, а во родниот град со стар тркачки велосипед**

Пишува: Ивана Тасев
Фото: Марко Маркоски и приватна архива


Мојот прв точак – со полни гуми



# Другари од детството



Со тандем низ Гавернерс Ајланд во Њујорк

Нашиот, без двоумење, најзвезуван режисер во светот, Милчо Манчевски (54), отсекогаш бил приклонет кон здравиот ритам на живот. Што поздразбира многу активен спорт и умерен начин на исхрана. Логично на ова се додава велосипедот, кој е неговиот најдобар пријател откога памети за себе. Драгоцената архивска фотографија е одличен доказ за тоа. Прво на три, додека не созреал за две тркала. И денес на овие две тркала ги поминува надолж и напреку неговите два града – родното Скопје и главниот град на светот, каде живее - Њујорк. По повод нашава рубрика сакаше да сподели една своја интересна исповед, која „Њујорк тајмс“ ја објави во март 2002 година, и во која раскажува за невообичаеното искуство со неговиот десетбрзинец во Њујорк.

Милчо пишува како излегол од Театарот „Паблик“ и забележал дека неговиот десетбрзинец исчезнал, а направата за заклучување била насилно пресечена. По две недели, минувајќи низ Ист Вилиџ забележал како еден човек го турка неговиот велосипед.

- Немаше сомнеж дека е мојот точак: бојата, гребаниците, лентата, која ја бев залепил. Повикав полиција и пристигнаа брзо. Но кога ме прашаа кој е серискиот број на точакот, бев сосема изгубен, не ни знаев дека велосипедите имале сериски броеви. Полицајците ми сугерираа да зборувам со „новиот сопственик“, кој пак ми понуди да си го откупам мојот точак за 20 долари. Ја одбив неговата понуда, а полицијата го пушти човекот со мојот точак. По неколку часа повторно го забележав мојот точак, овој пат врзан за едно дрво. Ѕирнав под точакот, го пронајдов серискиот број, го запишав и повторно ја повикав полицијата. Кога пристигнаа им го дадов серискиот број, тие го споредија со тој на точакот и го пресекоа синџирот, а јас си го добив точакот назад. Поучен од искуството, следниот ден го купив најголемиот синџир за заклучување велосипеди што постои. Го врзав и го заклучив велосипедот на знак за забрането паркирање. Следното утро и знакот и точакот ги немаше. Некој го отшрафил знакот, ги подигнал точакот и синџирот над столбот, и сè земал со себе. Никогаш повторно не го видов мојот десетбрзинец. По ова искуство нарачав од една точкара во Бруклин да ми најдат „пони“.

И навистина, му нашле син „пони“, производство на „Рог“ од Љубљана.

- Многу е практичен низ њујоршките гужви, и го возам веќе скоро 20 години. Затоа што е малечок, го чувам на балкон. Паркирање на точак во гаражата во зградата чини 200 долари месечно. Претходниот градоначалник изгради многу велосипедски патеки; одлични се, широки, и позиционирани се меѓу тротоарот и паркираните коли, па не доаѓаш во контакт со луди таксисти и големи автобуси. „Пони“ точаците ги увезувале во 70-тите години во САД, ама престанале затоа што ги сметале за небезбедни, сметале дека ќе се кршат на половина. Овој уште тера. Резервни делови купувам на Бит-пазар. Затоа што е мал, ми треба повеќе време да стигнам до Аптаун, на пример до Централ Парк, ама го возам секој ден, најчесто низ Вилиџ, Сохо, Трајбека и покрај реките. Имам еден другар од филмската академија кој вози точак секој ден, и да врне и да вее. Лани, вели, не го возел само два дена. Јас не сум толку хардкор, возам кога не е многу студено и кога не врне.



Во Скопје, пак, има стар тркачки велосипед, кој е погоден за крос-кантри.

- Со оглед на тоа дека низ Скопје има многу дупки, оваа особина добро ми доаѓа. Често го возам низ полуурбанизирани делови на градот. И двата точаци ги доживувам како другари.■